**ТД МАКОШПЕД АД**
**Скопје**

Извршен директор Марија Каранфиловиќ во прилог на редовното информирање на одборот на директори на ТД Макошпед АД Скопје, го дава следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работењето на друштвата ТД Макошпед АД Скопје и Макошпед Транс ДООЕЛ Скопје за 2019 година
## (консолидиран)

Скопје, Март 2020 година

## СОДРЖИНА

**Основни инрормации и економски амбиент.....................3**

**Основната дејност на друштвото...........................................4**

**Управување со финансиски ризик..........................................4**

**Средства и извори на друштвото...........................................6**

**Исплата на дивиденда.........................................................6**

**Зделка со заинтересирана страна и голема зделка...............6**

**Долгорочен долг спрема основна главнина...........................6**

**Органи на управување на друштвото......................................6**

**Структура на вработени.......................................................7**

**Финансиски резултати за 2019 година...................................7**

**Внатрешна ревизија.............................................................8**

**Макошпед Транс ДООЕЛ Скопје...............................................8**

**Консолидирана завршна сметка.............................................8**

**ТД МАКОШПЕД АД СКОПЈЕ**

Извршен директор Марија Каранфиловиќ во прилог на редовното информирање на Одборот на директори на ТД МАКОШПЕД АД СКОПЈЕ, го дава следниот:

**КОНСОЛИДИРАН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за работењето за 2019 година**

**Консолидираниот годидшен извештај за работењето за 2019 година го сочинуваат два прани субјекти, ТД Макошпед АД Скопје и Макошпед Транс ДООЕЛ Скопје**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ И ЕКОНОМСКИ АМБИЕНТ

Во Република С.Македонија, економскиот амбиент во 2019 година се карактеризира со задоволителен раст, ниска инфлација и поволна надворешна позиција, како резултат на напредокот на патот кон евроатлантската интеграција.

Во текот на годината, како што се менуваа економските услови во опкружувањето, друштвото соодветно се прилагодуваше преку тековните активности и деловни потфати.

ТД Макошпед АД го продолжува своето успешно работење, препознатливо по високиот квалитет во понудата на различни услуги кои опфаќаат организација на транспорт на добра, царинско посредување, складишно работење.

Земајќи во предвид дека економскиот амбиент во изминатата 2019 година, друштвото се потруди максимално да ги искорити своите предности за придобивање на нови комитенти и тоа:

- Децениско искуство и препознатлив бренд во областа на организација на меѓународен и локален транспорт и царинско застапување;
- Прилагодливост и флексибилност спрема потребите на комитентите;
- Локација и опременост на складовите која обезбедува брза и професионална услуга на клиентите (во близина на главните друмски и железнички правци);
- Непрекинато 24 часовно: работно време, обезбедување и видео надзор на складиштата;

Акциите на Макошпед АД Скопје, котираат на Официјалниот пазар на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје.

Компанијата заклучно со 31.12.2019 година брои 707 акционери од земјата и странство. Основната главнина изнесува 788.424 акции од кои 78.840 се сопствени акции без право на глас, со номинална вредност од 1.000 денари. Во 2019 година не се откупени сопствени акции. Вкупните сопствени акции претставуваат 9,999% од основната главнина.

Седиштето на друштвото е на ул. Македонија бр.19 Скопје.

## ОСНОВНА ДЕЈНОСТ НА ДРУШТВОТО

### Транспорт

Одделот за шпедиција и увоз-извоз врши организација на секаков вид меѓународен транспорт, на сите дестинации во Европа и светот од и за Р. Македонија и тоа:

- камионски, поморски, збирен, железнички и авионски транспорт
- организира превоз на специјални и вонгабаритни товар и обезбедува дозвола за истите
- локален транспорт низ Р.С.Македонија

### Царинско посредување

Во рамките на логистичките и транспортните услуги, ТД Макошпед АД, врши царинско посредување во увоз, извоз и транзит, преку следните услуги:

- изработка на царинска документација за одредена царинска постапка
- тарифирање на стока со примена на меѓународно признати податоци
- обезбедување на разни дозволи, потврди, согласности и одобренија потребни за увоз/извоз
- консултантски услуги за било која надворешно-трговска постапка

Нашиот тим работи согласно царинските прописи и е целосно посветен на потребите на клиентите.

### Царинско и локално складирање

ТД Макошпед АД располага со сопствен складиштен простор во Скопје и Битола, во кои се врши царинско и локално складирање.

### Менаџирање со деловни објекти под закуп

## УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и ризик од промена на цените), кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки и ризикот од неликвидност. За управување со финансиските ризици е надлежен Одборот на директори.

**Пазарен ризик**

- **Ризик од промени на девизниот курс**

Друштвото учествува во меѓународни трансакции со комитенти но овој обем е многу мал во однос на целокупното работење и промената на девизните курсеви неможе да го наруши тековното работење.

- **Ризик од промени на цените**

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на друштвото.

**Кредитен ризик**

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај купувачите да не можат да ги извршат совите обврски спрема друштвото. Во однос на кредитниот ризик друштвото има политика да соработува со клиенти што имаат соодветна кредитна историја. друштвото води политика на наплата на побарувања до 60 дена. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број на салда(комитенти), со што се намалува ризикот во работењето доколку со некој комитент дојде до потешкотии со наплатата.

**Ризик од промени на каматните стапки**

Друштвото е изложено на ризик од промени на каматните стапки кога користи кредити и кога има депонирани средства во банки. Обврските по кретити вообичаено се отплатуваат по променливи каматни стапки. Депозитите вложени во банки исто така се подложни на промени на каматните стапки зависни од движењата на финансиските пазари. Оваа го изложува Друштвото на можен ризик од промени на каматните стапки.

ТД Макошпед АД Скопје нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го ретулира преку директни преговори со банките.

**Ризик од ликвидност**

Ликвидностен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со паричните средства навремено да ги плаќа обврските спрема доверителите, вработените и кредиторите.

Друштвото нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични

средства за плаќање на доспеаните обврски. Процентот на наплата на побарувањата за 2019 година изнесува 95%.

## СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Согласно Билансот на состојба за 2019 година, вредноста на активата и пасивата на Макошпед АД Скопје изнесува 817.594.014 денари.

Постојаните средства учествуваат со 91%, додека тековните сресства учествуваат со 9% во активата.

За извршување на својата дејност на 31.12.2019 друштвото не користеше кредити и позајмици. На 31.12.2018 година износот на краткорочни кредити изнесуваше 16 милиони денари.

Во структурата на пасивата капиталот и резервите учествуваат со 97,63% (96.31% на 31.12.2018 година), што укажува на исклучително висок степен на финансирање на работењето од сопствени извори.

### Исплата на дивиденда

Во 2019 година друштвото нема исплатено дивиденда на акционерите.

### Зделка со заинтересирана страна и голема зделка

Во 2019 година друштвото нема реализирано голема зделка ниту зделка со заинтересирана страна.

## ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНА ГЛАВНИНА

ТД Макошпед АД Скопје обврски по долгорочни кредити на 31.12.2019 година нема.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

ТД Макошпед АД Скопје е основано како акционерско друштво, кое согласно Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото има воспоставено едностепен систем на управување, преку Одбор на директори.

На неизвршните членови на Одборот на директори во текот на 2019 година како надомест за учество во органите на управување им е исплатено бруто износ од 240.012 денари. На генералниот директор по основ на менаџерски договор исплатен е бруто износ од 1.189.294 денари.

Примања на членовите на Одборот на директори по основ на членување во органи на управување во други друштва во извештајната 2019 година во бруто износ изнесуваат 533.328 денари. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори по основ на бруто плата кај друг работодавец изнесуваат 3.060.811 денари.

## СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

На 31.12.2019 година вкупно се вработени 27 лица со следната квалификациона структура:

- ВСС 4
- ВШС 3
- ССС 17
- КВ 2
- НКВ 1

- Мажи 14
- Жени 13

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2019 ГОДИНА

Финансиската политика и креирањето на стратегијата и техниките на финансиското управување, водење на сметководствениот и финансискиот менаџмент е прашање на кое во континуитет му се обрнува посебно внимание со цел непречено и профитабилно функционрање на Друштвото.

Остварените вкупни приходи за 2019 година изнесуваат 126.202.256 денари и во споредба со остварените вкупни приходи за истиот период 2018 година бележат пораст од 29%.

Оперативните приходи изнесуваат 109.990.275 денари и бележат зголемување во однос на оперативните приходи за истиот период 2018 година од 21%. Истите учествуваат со 87.2% во вкупните приходи.

Финансиските приходи изнесуваат 16.211.981 денари и бележат зголемување во однос на финансиските приходи за истиот период 2018 година. Истите учествуваат со 12.8% во вкупните приходи.

Вкупните расходи за 2019 година во износ 97.391.888 денари и бележат зголемување во однос на вкупните расходи за истиот период 2018 година.

Оперативните расходи во 2019 година изнесуваат 72.320.019 денари и бележат пад во однос на оперативните расходи за истиот период 2018 година.

Финансиските расходи изнесуваат 25.071.869 денари и бележат зголемување во однос на финансиските расходи за истиот период

2018 година. Ова зглемување се должи на направеното вредносно усогласување на вложувањата расположливи за продажба.

Нето добивката за 2019 година изнесува 24.769.138 денари.

**ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

Службата за внатрешна ревизија вршеше ревизија согласно годишниот план за работа. Ревизиите се извршени и по истите е изготвен полугодишен и годишен извештај.

**2. МАКОШПЕД ТРАНС ДООЕЛ СКОПЈЕ**

Во 2019 година е формирано друштвото Макошпед Транс ДООЕЛ Скопје од страна на ТД Макошпед АД Скопје како единствен сопственик. Основна дејност на Макошпед Транс ДООЕЛ Скопје е транспорт на стоки и услуги. Поседува вкупно 4 влекачи и 3 полуприколки, една приколка церада и една цистерна за превоз на нафтени дривати. Вкупно има 7 вработени. Својата дејност почна да ја обавува во втората половина од 2019 година.

Во 2019 година остварени се вкупни приходи од 5.203.176 денари, вкупни расходи во износ од 6.052.989 денари. Остварена е вкупна загуба по оданочување 849.813 денари.

**3. КОНСОЛИДИРАНА ЗАВРШНА СМЕТКА**

Во своето работење ТД Макошпед АД Скопје има обврска да изготвува консолидирани финансиски извештаи бидејќи има мнозинско учество во Макошпед Транс ДООЕЛ Скопје.

Во 2019 година остварени се вкупни приходи од 130.951.917, вкупни расходи во износ од 102.991.362 денари. Остварена е вкупна добивка пред оданочување од 27.960.555 денари односно 23.919.325 денари по оданочување.

**Март, 2020 година** **ТД МАКОШПЕД АД СКОПЈЕ**

Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет МАКОШПЕД АД-СКОПЈЕ